*ВЛАДО ПОПОВСКИ*

# САМОУПРАВАТА* ВО ПРАВИЛАТА (УСТАВОТ) НА МАКЕДОНСКИОТ—ВОСТАНИЧКИ КОМИТЕТ ОД 1878 И ВО УСТАВОТ ЗА ИДНОТО ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ДОНЕСЕН ОД МАКЕДОНСКАТА ЛИГА 1880

1. Во рамките на спомenатите устави[1] од историјата на македонското ослободително движење се содржани три вида и три нивоа на самоуправа, со три комплементарни значења, принципи и институции.

Прво, и во двата устава се среќава самоуправата како фаза и како претходен степен во стекнувањето на самостојност на македонскиот народ, значи како облик и степен на политичка автономија. Односно, самоуправата ја среќаваме како поим и како категорија во т.н. систем на империјални политичко-правни односи, но и како процес со кој се надминуваат таквите односи.

Второ, во двата устава, но во тој на Македонската лига од 1880 година многу повеќе и во поразвиен концепт се среќава самоуправата во статусно-функционалната смисла со која се изразува демократско заедништво и демократска положба на националните групи и заедници во политичката структура на проектираната македконска држава.

Трето, го среќаваме и она значење на самоуправата кое, на пример, Светозар Марковиќ го именува како способност на еден мал народ за самоуправа во неочекувано голем степен со која коренито се менува општествениот строј и самото општество, а со тоа и самите поими на народот во рамките на длабоките социјално-револуционерни процеси.[2] Значи: станува збор за такво значење на поимот самоуправа кое се однесува на способноста на социјалните и политичките

---

* Станува збор за политичка самоуправа.

[1] Уставот на Македонскиот востанички комитет (во натамошниот текст МВК), донесен во текот на Македонското (Кресненско) востание од 1878—1879 година кај нас е за прв пат објавен во: Правилата, Уставот на Македонскиот востанички комитет, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 1981 година.

Уставот на Македонската лига за идното државно уредување на Македонија од 1880 година кај нас е објавен во студијата: Уставот на Македонската лига за идното државно уредување на Македонија — 1880, „Мисла" и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје 1985.

[2] Види: Светозар Марковиќ, Србија на Истоку, БИГЗ, Београд, 1973, како и „Застава", Нови Сад, бр. 87 од 13. 6. 1876 и бр. 98 од 2. 7. 1876.

сили за револуционерна преобразба на социјалниот систем и во таа смисла за такво менување на поимите и на категориите кое ќе значи чекор понапред кон социјално-економска, политичка и културна еманципација на заедницата и на човекот во неа.

2. Во првото значење — како облик на политичка автономија и како степен кон целосна самостојност — самоуправата по својата основна смисла е поцелосно застапена во Уставот на МВК којшто е востанички устав отколку во Уставот на Македонската лига којшто не е акт на востанички процес.

*Во првиот Устав* политичката автономија е речиси целосна, па оттаму самоуправата во тоа значење е скоро рамна на суверена држава. Само во еден член се споменува дека Централниот комитет кој има улога на влада, по ослободувањето на Македонија, ќе подготви Устав за уредување на македонската држава како самостојна, или во рамките на Отоманската држава со политичка и културна автономија.[3] Инаку, Уставот на МВК во целина проектира самостојна држава. Во него нема траги на зависност или на трибутарност ниту во материјалните односи, ниту во изборот, ниту во структурата и функционирањето на институциите на македонската држава во однос кон Отоманската држава. Впрочем станува збор за внатрешно востание или за облик на народно-демократска револуција[4] која од корен го менува општествениот строј и национално-политичката положба на Македонците и на другите народи, раскинувајќи ги империјалните односи. Затоа, самоуправата во смисла на процес на надминување на зависноста е силно изразена, а во смисла на ограничена автономија, или на систем на зависни институции и односи со имеријални белези и само попатно спомената — како резервна алтернатива, доколку успехот на востанието биде половичен.

За разлика од тој Устав, Уставот на Македонската лига од 1880 година за идното државно уредување на Македонија, самоуправата ја предвидува само како степен на политичка автономија, како поим и категорија која поаѓа од империјалниот карактер на односите, иако самата е израз на нивна редуцираност. Политичката самоуправа во односниот Устав е помирена и урамнотежена со трибутарниот карактер на предвидената држава и со тоа таа во суштина се јавува како израз на решена противречност на релацијата меѓу Македонија (македонската држава) и Турција (Отоманската држава).[5] Во тие рамки и со таква смисла и функција самоуправата во Уставот на Македонската лига содржи мошне значаен и развиен концепт на политичка и културна автономија со државно-правни атрибути.

При така сфатената самоуправа, македонското ослободително движење од тоа време понуди свој прилог кој за тие услови е мошне прогресивен концепт на т.н. статусно-функционална самоуправа, која се јавува како специфичен облик и израз на политичка и културна

---

[3] Види го член 145 од Уставот на МВК.

[4] За карактерот на востанието како и за неговите цели, покрај Уставот на МВК види уште и Катарџиев Иван, Кресненското востание. „Наша книга“, Скопје, 1978; Поплазаров Ристо, Македонското Кресненско-Разлошко востание, „Мисла“, Скопје 1979; како и нашиот прилог во Правилата — Уставот на МВК, ИСППИ. 1981, стр. 92—105 и 107—136.

[5] Види членови 2, 4, 9, 88 и 89 од Уставот на Македонската лига.

автономија — произлезена од конкретната национална, политичка и културна структура и проблематика на македонското општество од втората половина на 19 век.

3. Појдовната поставка на самоуправата во статусно-функционалното значење и во Уставот на МВК од 1878 и во Уставот на Македонската лига од 1880 година е содржана во разбирањето на македонската заедница како многунационална, рамноправна и слободна заедница која има потреба од една заедничка, демократска напредна држава. Врз основа на идејата: повеќе нации — една држава, посебно во Уставот на Македонската лига е изграден концепт на држава со елементи на самоуправност и на демократско заедништво. Може да се рече дека ниту еден устав на која и да е балканска држава пред тој на Македонската лига не предвидува таков концепт на држава. Спротивно, сите устави на дотогаш слободните балкански кнежевства поаѓаат од концептот една нација — една држава, не развивајќи речиси никаква статусно-функционална самоуправа на националните групи и не формирајќи демократско заедништво меѓу нив и меѓу најбројната и доминантна нација.[6]

Македонската држава, во концептот на респективните устави, била замислена како држава на македонскиот народ но и на другите национални групи, за кои, како што ќе рече Уставот на МВК, Македонија е заедничка татковина. Уставот на Македонската лига таа постановка посебно ја разработува и ја издигнува до степен на принцип од кој е изведена институционалната структура и составот на државата и установите, како и процесот на одлучувањето во нив. Така, на пример, главната установа на македонската држава — Националното собрание е составено од 45 Македонци, 20 Турци, 7 Арнаути, 3 Евреи, 3 Грци и 2 Власи, т.е. од соодветна пропорција на националните групи при избор на еден пратеник на 15.000 жители.[7]

Највисоката извршна власт — Државниот совет, исто така е составен од по еден претставник од сите национални групи, со тоа што на чело, како Генерал — Гувернатор е претставник од најбројната нација, неговиот заменик е од втората по бројност национална група, а преостанатите четири советници се од другите национални групи. Управната власт во која се предвидени 12 министерства е распределена според националните групи. Во таа смисла, за претставниците на македонската нација биле предвидени 6 министерства, за претставниците на Турците 3 министерства, а за сите други национални групи (арнаутската, грчката, влашката и еврејската) по едно министерство. Изборот на пратениците во Националното собрание, како делегации на националните групи требало да го вршат национално-верските заедници.[8]

Во истиот концепт влегува и идејата да се одбегнува, колку што е можно, надгласувањето на една национална група во Собранието по прашања од посебен интерес за таа национална група. Опас-

---

[6] Види ја споредбената анализа на Светомир Шкариќ во студијата Уставот на Македонската лига за идното државно уредување на Македонија — 1880, „Мисла" — ИСППИ, Скопје 1984.

[7] Член 22 од Уставот на Македонската лига

[8] Види членови 4, 6, 7, 14 и 26 од истиот Устав

носта од мајоризација и загрозување на рамноправноста, во механизмот на политичката власт, била коригирана со право и можност Државниот совет конечно да реши за она за што била надгласена определена национална делегација во Националното собрание.

И уште ова како илустрација: во Уставот на Македонската лига биле признати пет религии и шест цркви, се признавало правото на официјална употреба на мајчиниот јазик пред судовите и другите органи, школувањето на мајчин јазик и постоењето на школи на одделните национални групи, уште и можноста за отворање на средни и високи школи на странски јазици. (Сето тоа, се разбира со контрола и промоција од државата според предвидена постапка.)[9] Значи, очигледна е насоченоста кон изградување на таков систем кој ја претпоставува отвореноста кон националните и културните елементи на заедницата, кон нивното слободно изразување и развивање, како и отвореноста кон светот — кон неговите културни текови.

Меѓутоа, она што во концепцијата на Уставот на Македонската лига е посебно значајно и живототворно за самото македонско општество е содржано во начинот на кој тогашното македонско ослободително движење ги поставило и решило меѓунационалните односи кои, и тогаш и подоцна, претставувале клучен аспект на заедничкиот живот. Односниот концепт, т.е. начинот на кој тие односи се поставени и решени, покажува компаративни предности во однос на оние концепти кои поаѓале од етноцентризмот како постулат на државно-правната структура и функција. Тие се во фактот што национално-демократска заедница во себе, во своето битие, ги надминува изворите од кои се раѓа и одново ја репродуцира исклучивоста, потиснувањето или имеријализмот во односите меѓу националните групи во една заедница. Наспроти неа, заедницата која врши смена на националниот носител на власта, а при тоа ги потиснува другите од можноста за самодејно уредување на животот, во суштина врши само нова диференцијација и поделба, при што ако не едни, а тоа други се подалеку од претпоставките за слободен и рамноправен живот и напредок. Дури, може да се рече дека таквата држава како облик на политичка самостојност на еден народ и како фактор со кој ги надминува негативните страни од империјалната положба, во исто време формира исто такви империјални односи но веќе како тенденција кон сопствен империјализам — прво внатре во својата држава, а потоа надвор кон други народи. На пример: првите балкански кнежевства, сè уште зависни од отоманскиот империјализам, веќе во 1861—1868 го склучуваат својот прв сојуз за интересните сфери — Македонија и за нејзина поделба, создавајќи го т.н. мал балкански империјализам.[10] Таквите држави, според своите концепти (устави) признаваат еден народ, една држава, една религија, една црква, еден јазик, една школа и сл.

Во таа светлина идеите во уставните проекти на македонското ослободително движење имаат посебно значење за демократските традиции на оваа почва без оглед што тие не доживееја своевремена

---

[9] Види ги членовите 49 — 56 од истиот Устав

[10] Види: Гргур Јакшић, Први Српско-грчки савез 1861—1868, Архив за правна и друштвена истраживања науке, бр. 15 1924 г.

политичко-правна промоција. Тие идеи, инаку, не се ниту случајни, ниту без претходна традиција во македонското движење. Имено, тоа, од своите почетоци од 1878 е насочено кон респективните цели — кон создавање демократска национално-политичка структура со развиена рамноправност, самоуправност и заедништво. Во таа смисла, уште пред Кресненското востание, во екот на навлегувањето на македонските четнички сили од Србија, како тие на Иљо Марков, и во процесот на формирањето востанички органи на слободната територија во т.н. селски старешински совети биле вклучувани и Турци.[11]

Уставот на МВК тие искуства ги акцептирал, но во востанички услови не успеал да ги развие и да ги вгради во државно-политичката структура. Тој се задржал на гарантирање на слободата, честа, имотот, обичаите и другите права и слободи на националните групи. Но, Уставот на Македонската лига, како што видовме, врз респективните принципи ја изградил структурата на државата и нејзините функции. По тој Устав, поточно паралелно со него, во рамките на Привремената влада на Македонија (Единство) гледаме исти постановки на политичкиот концепт и политичкиот живот.[12] Ист е случајот и со Националното собрание на Македонија формирано во југозападна Македонија на Гремен.[13] Таа концепција се шири и добива прекрасна потврда во Крушевската република, итн.[14]

Со еден збор, демократското заедништво меѓу народите во Македонија во филозофијата на македонското ослободително двоижење не остана на ниво на обична меѓусебна толеранција, туку повеќе од тоа, се развиваше до степен на активен заемен политички живот кому што проектираната заедничка држава со самоуправна и демократска карактеристика требаше да му биде општ израз.

4. Третото значење на самоуправата кое го среќаваме во респективните устави од 1878, односно од 1880 година, а кое се врзува за способноста на движењето да го промени социјалниот поредок, да ги измени основите и односите на животот и да создаде нови можности за социјална и политичка слобода на луѓето, многу повеќе е содржано и развиено во Уставот на МВК од 1878 отколку во Уставот на Македонската лига за едното државно уредување на Македонија од 1880 година.

Тоа е и за очекување со оглед на фактот што првиот устав е востанички и што е резултат и израз на, во суштината, народно-демократскиот револуционерен процес во кој широките, пред се трудбенички (селански и печалбарски) маси се издигнуваат како поли-

---

[11] Види: Поплазаров Ристо. Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850—1878, ИНИ, Скопје 1978.

[12] Види: Полјански Андонов Христо, Привремената влада на Македонија, Одбрани дела, кн. 2, стр. 384—409. „Мисла", Скопје 1982.

[13] Димевски Славко, Востаничките проект-устави и други акти за создавање на македонската држава донесени по Берлинскиот конгрес (1878—1880) Годишник на ИСППИ, Скопје 1975.

[14] Христов Александар, Организација на власта на Востаничката територија за време на Илинденското востание, Книга за Илинден. Скопје 1969, стр. 109—131; Пандевски Манол: Илинденското востание во Македонија, ИНИ, Скопје 1978

тички сили.[15] За разлика од него, Уставот за идното уредување на Македонија, донесен од страна на Македонската лига 1880 година е израз на напливот и на превагата на граѓанските категории во ослободителното движење во рамките во која постои осека на востанички процеси и плима на процедурални дипломатски постапки околу Македонија.

Значи: станува збор за две различни социјални групации кои како политички сили на ослободителното движење, во различните услови и моменти од неговата манифестација, носеле различна социјална и политичка перспектива на заедницата, или различна способност за самоуправа во значење на револуционерното зафаќање и менување на рамките и на параметрите на социјалниот и на политичкиот живот.

Во таа смисла Уставот на МВК од 1878 година предвидува радикално укинување на чифлигарскиот систем, на крупната земјишна сопственост и на чифлигарските односи.[16] Со тоа, тој Устав во суштината отворил перспектива кон менување на социјално-класната структура на македонското општество и на распоредот на социјалните позиции и интереси во него. Конкретно, тој ги издигнувал широките селански и трудбенички маси, ги спасувал од економското пропаѓање и ги решавал нивните потреби; на прво место преку аграрната реформа со која ги обезбедувал со земја тие што ја немале, предвидувајќи ограничена големина на земјишниот посед, преку забраната на лиферантството, шпекулирањето и прекумерната експлоатација на работниците, како и преку другите елементи на економскиот систем што го предвидувал.[17]

Врз основа на (проективно) изменетата економска и социјално-класна структура, Уставот на МВК од 1878 година предвидувал радикални промени во политичката структура како и во политичкото (државното) уредување на македонското општество. На местото на автократскиот принцип и на монархијата, тој Устав ги предвидува демократскиот принцип и републиката. Имено, односниот Устав, тргнувајќи од интересите и од заштитата на најшироките трудбенички слоеви, предвидувал таков политички систем којшто е отворен кон сите членови на заедницата, којшто го претпочитувал собранискиот принцип и систем на владеење и на одлучување, претпоставувајќи го општото изборно право без ниту еден цензус и афирмирајќи го принципот на лаицизирањето на сите гранки и на сите функции на власта.[18]

Во горната смисла, за респективниот концепт може да се каже дека претставува облик на самоуправа кој ја предвидува овладеаноста на претпоставките за поголема социјална и политичка слобода

---

[15] За социјалниот состав на востаниците во Кресненското востание види: Кирил Патријарх бугарски, Спротивставувањето на Берлинскиот договор — Кресненското востание, БАН, Софија 1955; Ванчев Јордан, Социјален состав и број на учесниците во Кресненско-разлошкото востание од 1878, Кресненско-разлошкото востание 1878, БАН, Софија 1970, стр. 85—95; Димевски Славко и Поповски Владо, Социјалната структура на востаниците и социјалната програма на Уставот на Кресненското востание, во Правилата..., стр. 88—106.

[16] Види ги членовите 151—155 од Уставот на МВК

[17] Види ги членовите, 159, 161, 162 од истиот Устав

од страна на широките слоеви, односно дека тој концепт означува развиен израз на револуционерно менување на дотогашниот поредок и прогресивен облик на социјална и политичка слобода, се разбира согледан и разбран во рамките на историската конкретност. За таквите процеси и за таквото ниво на социјално-политички промени и се употребувал оној, денес подзаборавен поим на самоуправна револуцијата, кој имал обичај да го употребува и спомнатиот Светозар Марковиќ за сите оние движења кои радикално зафаќале во длабочините на поредокот и на животот.[19]

За разлика од Уставот на МВК, Уставот на Македонската лига од 1880 година овој вид на самоуправа скоро и да не го содржи. Имено, во тој Устав и за понатаму се претпоставува чифлигарството и еснафството и со тоа доминантната положба на веќе постојните господаречки субјекти. Со задржувањето на тој систем, односниот Устав во суштина не ја менувал дотогашната положба на најмасовното социјално тело на македонската заедница; не го решавал акутниот аграрен проблем и не отворал перспектива на економско спасување на масите зафатени од надексплоатација и пролетеризација. Не предвидувајќи измена на економската и на социјално-класната структура не се предвидувала ниту промена во распоредот на групите и во нивниот однос кон материјалните и другите добра, односно не се предвидувала измена ниту во структурата на општествената моќ.

Тој факт бил решавачки момент и за проекцијата за значително назаден политички концепт во идното државно уредување на Македонија содржано во односниот Устав.На тоа ниво не се предвидувала позначајна измена на политичката структура на линија на социјалната основа и класните функции на идната држава. Проектираната држава и за понатаму се темелела и се изразувала врз значаен дел од монархискиот принцип и од автократското уредување, што посебно се гледа во посилната позиција на Генерал-гувернаторот и на одделните околиски и окружни управници во однос на положбата на Националното собрание, односно на околиските и окружните совети.

Односниот политички концепт го претпоставувал нееднаквото изборно право со тоа што предвидувал имотен, старосен и полов ценсус, и изборен субјективитет исклучиво на земјопоседниците, еснафите, трговците и старешинските совети.[20] Значи: државата (нејзината структура, основа и функции) не била проектирана како средство на широките народни маси, на нивните проблеми, интереси и потреби. Поради тоа, таа, на тој план, не претставувала новина во свеста и во искуствата на македонските маси па затоа односниот концепт за нив не зрачел привлечно; не ги подбудувал нивните напори, жртви за нејзино остварување.[21] На таа основа и крајниот дострел на тој концепт бил барање статус на автономија или создавање држава со јасно изразени трибутарни белези наспроти целта на Уставот на

---

[18] Види ги членовите 139—150 од истиот Устав

[19] Светозар Марковиќ, цитирани дела

[20] Види ги членовите 25 и 27 од Уставот на Македонската лига

[21] Види: Крсте Битовски, Македонија во времето на големата Источна криза (1875—1881), посебно стр. 298.

МВК од 1878 година кој првенствено одел кон создавање независна суверена држава.

Може да се констатира дека Уставот за идното државно уредување на Македонија донесен од Македонската лига не зафатил длабоко во социјалното битие на македонскиот народ, во неговите материјални и политички услови и модалитети на живеење и дека во таа смисла го содржи оној дух на самоуправата која ја идентификуваме како способност на едно движење да го измени поредокот и поимите на животот и на свеста за него.

Односниот досег на македонското ослободително движење во времето на Македонската лига, зборува за недоволна способност на неговите водечки сили (а како такви се јавуваат, пред сè, претставниците на македонските граѓански категории) за револуционизирање на социјалните односи, што упатува на можна претпоставпа *и за нивна неадекватност за таква улога.* Таа претпоставка, која по овој повод нема место да се развива, сè наметнува како логична со оглед на фактот на заостанатиот развој на македонското граѓанство; со оглед на споредното место што граѓанството го имало во економската структура и моќ во заедницата и со оглед на неговата политичка немоќ во државниот и политичкиот живот. Таа претпоставка се зајакнува и со тоа што таквото македонско граѓанство се повеќе сраснувало со оние, иако бавни, но сепак постојни измени на економската и политичката структура што ги преземала самата Отоманска империја почнувајќи од 1839, преку 1856, 1858 па понатаму и со онаа поделба на трудот која на Македонија се повеќе и се поцврсто и ја наметнувала Европа со нејзиното капиталистичко заграбување на македонското стопанство.

На таа основа македонското граѓанство делумно се вклучило во чифлигарството продирајќи во сопственичката структура; делумно се издигнува како сточарско чорбаџиство; делумно се формира како трговско-лиферантска категорија, а делумно како компрадорско група, со сосем мала ориентација кон индустриска и претприемачка функција која од граѓанството би направило субјект на радикални социјални и политички промени.

Од тие причини (кажани на општ начин) во ликот на македонското граѓанство наместо да видиме способен револуционерен водач за национално и социјално ослободување — гледаме колеблива, реформистичка и опортуна категорија; група која по своите социјални потреби и интереси сè повеќе се издвојува од широките маси и која не ја споделува ниту најактуелната проблематика на македонското општество, ниту перспективата на социјалното ослободување на заедницата. Оттаму, сред македонското граѓанство не биле ретки појавите на изразено туркофилство, или на опција по прашањето на националните определби (на пример во пробугарска или прогрчка насока) посебно тогаш кога на македонската политичка сцена стапувале широките слоеви за ослободување од османската власт и за национална и социјална слобода. Во таквите процеси, какво што на пример било и самото Кресненско востание, во кои нужно се пројавувал револуционерен демократизам насочен кон решавање на проблемите на најшироките маси и кон нивно издигнување како политички сили на

движењето, не биле ретки случаите на ренегатство од страна на граѓанските слоеви кои попрво знаеле да бидат против востанието, а на страната било на османската власт било на платформите и аспирациите на соседните буржоазии.[22]

Впрочем, историјата, и таа на другите народи, не еднаш покажала дека под определени услови социјалниот, првенствено економскиот интерес се наметнувал над политичкиот или културниот интерес и постанувал доволна причина за нивно жртвување. Во тој склоп македонското граѓанство не претставува исклучок.

*VLADO POPOVSKI*

# POLITICAL SELFGOVERNMENT IN THE ACTS OF MACEDONIAN LISERATION MOVEMENT DURING THE PERIOD OF EASTERN CRISIS

## SUMMARY

In this paper, different aspects of the concepts of political selfgovernment, as represented in the Acts of Macedonian liberation movement, from national-separatist exclusive movement, through natifor this analytic approach were Costitution of Macedonian Uprising Comitee from 1878 (Constitution of Macedonian Kresnensko Uprising from 1878—1879) and Constitution for the future regulation of Macedonia, issued and brought by Macedonian League in 1880.

The author finds three main concepts of selfgovernment to be fundamental for these Acts: tributary, autonomous and status — functional.

Stressing the meaning and modalities of these concepts, author, in the same time, uses a specific kind of logic in interpretation of the concepts. According to his findings, reconstruction of the Documents can prove and illustrate the development of Macedonian uprising movement, from national-separatist exclusive movement, through nationaly tolerant, to national-democratic. This dynamics corresponds to political concept of tributary, unitarist, i.e. federal political conception and organization of the future free Macedonia, as was expected by the authors of these constitutional acts.

---

Објавено во зборникот на трудови „Самоуправата во Македонската револуција“, изд. Совет на манифестацијата „Гоцеви денови“, Делчево, 1985.

[22] Н. Левитанов: Кресненското востание, „Вопросы истории“. бр. 4. Москва 1951. Катарџиев Иван, цитирано дело, како и писмото на Г. Пулевски до Деспот Баџовиќ од 8 јуни 1979, Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Универзитет „Кирил и Методиј“, Скопје 1981, том I, стр. 264—265.